# DŽIJAN EMIN & THE MAGICAL ORCHESTRA

19/10/2019 МУЗИКА and ФЕСТИВАЛ

| | |
|---|---|
| време | 24:00 |
| место | Сала 25 Мај |
| организатор | Skopje Jazz Festival |
| цена | Влезот е слободен |



Џијан Емин, композитор, диригент, оркестратор и еден од најактивните македонски музички уметници, го претставува својот најнов еклектичен звучен пакет. Ако своевремено со акустичниот бенд „Проект Жлуст" ја разби тогаш постоечката матрица за тоа како треба да звучат македонските музички состави, правејќи „чуда" во поглед на стилските, естетските, интерпретативните и наративните траектории, сега, по повеќе од една деценија, таа идеја се враќа во едно поинакво, современо, но исто толку силно и впечатливо руво. Џијан Емин овојпат соединува симфониски оркестар и биг-бенд, умешно комбинирајќи ги грандиозноста на оркестарскиот звук и солистичката виртуозност, зачинети со суптилна електроника. Обединувајќи два оркестра во кои членуваат врвни музичари, Džijan Emin & The Magical Orchestra создаваат вистинска музичка магија на која никој не може да остане рамнодушен. Хуморот, пак, како една од типичните состојки на творештвото на Џијан, и тука е прикажан на несекојдневен начин. Од позабележителните настапи на Џијан Емин во последно време се издвојуваат: концертот „Нурни длабоко", во рамките на „Охридско лето", гостувањето во престижниот „Ројал Фестивал Хол" во Лондон заедно со светски познатиот диџеј Дерик Меј, потоа концертите „Филхармонија на отворено" одржани во Градскиот парк, како и проектот „Гласот на Охридското Езеро".

ВЛАДИМИР КРСТЕВ виолина
ЕЛЕНА ТАЛЕВСКА виолина
МАРИНА ТРАЈКОВСКА виолина
ГОРАН МУРАТОВСКИ виолина
МАРИЈА ТРАЈКОВСКА виолина
МАГДАЛЕНА ПОПОСКА виолина
АЛЕКСАНДАР СТОЈЧЕСКИ виола
ВЕРИЦА АЈТОВСКА виола
КИРИЛ ЈОСИФОВ виолончело
ЉУПКА МАНЧЕВСКА виолончело
СТЕФАНА МАРКОВИЌ флејта
КИРИЛ КУЗМАНОВ алт саксофон, флејта
ИВАН ИВАНОВ тенор саксофон
ИВАН ТРАЈАНОСКИ баритон саксофон
ТРАЈЧЕ ВЕЛКОВ труба
СЕНАД УСЕИН труба
САШО НИКОЛОВСКИ тромбон
ФИЛИП ДИМИШКОВСКИ пијано
АРМЕНД ЏАФЕРИ гитара
ЏИЈАН ЕМИН клавијатури
КИРИЛ ТУФЕКЧИЕВСКИ контрабас
ГОЦЕ СТЕВКОВСКИ тапани
ГОЦЕ УЗУНСКИ перкусии
ВИКТОР ФИЛИПОВСКИ перкусии

## Сподели

Copyright © 2021 МКЦ